РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.УП.001.07-ОБ.06.07

Врз основа на член 45 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), директорот на Царинска управа донесе

# О Д Л У К А

за избор на 1 (еден) извршител - по пат на јавен оглас број 434/2025

1. За работно место со реден број 01 – ЦАР0101В01002 Самостоен советник за заштита на правата од интелектуална сопственост, Служба за заштита на правата од интелектуална сопственост, Одделение за нетарифни мерки и заштита на правата од интелектуална сопственост, Сектор за акцизи при Царинска управа се врши избор за 1 извршител и тоа:
   - Боби Богатиновски, идентификациски код 8153812 .

2. Именуваниот од точка 1 ќе биде вработен на работното место од наведената точка од оваа одлука, по конечноста на истата.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување.

## О б р а з л о ж е н и е

По објавен јавен оглас број 434/2025 од 06.06.2025 година во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија" и „Коха" Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана од страна на Агенцијата за администрација, во функција на спроведување на постапката за вработување на 1 изршител за работно место од точка еден на оваа одлука, спроведе административна селекција за административен службеник, Записник број 10-1254/7 од 27.06.2025 година, потоа спроведе испит за административен службеник, Записник број 10-1254/8 од 16.07.2025 година, Испит за административен службеник со испит за царински службеник, Записник број 10-1254/9 од 16.07.2025 година, спроведе проверка на веродостојност на докази и Интервју на административен службеник, Записник број 10-1254/11 од 18.07.2025 година.

Согласно член 45 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 99/22 и 208/24), и врз основа на конечната ранг листа на кандидатите од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидати по оглас број 434/2025 на Агенција за администрација број 10-1254/12 од 18.07.2025 година, директорот на Царинска управа одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По завршување на постапката за избор, раководното лице на институцијата носи Решение, односно склучува договор за вработување на неопределено време.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната и на огласна табла на Агенција за администрација.

Помошник директор по овластување
бр. 04-001564/25-0020
Марјан Тасевски

Бр. 04 – 046884/24 - 0184
Скопје, 21.07.2025 година 22-07-2025
Доставено во оригинал до;

- Агенција за администрација
- Архива
- Директор

Доставено преку ЕДМС до:

- Архива
- Директор
- Сектор за управување со човечки ресурси